**ПУП– 1/2023**

**Број: 02-12858/2 од 31.03.2023**
**Датум на примена: 01.05.2023**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА БРЕМЕНОСТ И ПОРОДУВАЊЕ

**ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ**
**Член 1**

(1) Овие посебни услови за осигурување на бременост и породување (во понатамошниот текст: Посебни услови) се составен дел од договорот за осигурување што договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со Сава осигурување а.д. Скопје (во понатамошниот текст: Осигурувач).
(2) Овие услови се применуваат на договорите за осигурување на лица со исклучок на оние видови на договори за осигурување лица кои изрично ја исклучуваат примената на овие услови.

**ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)**
**Член 2**

(1) Осигурувачот ги надоместува трошоците за бременост и породување (partus / caeserean) настанати во приватна здравствена установа, по избор на трудницата.
(2) Трошоци за бременост и породување во смисла на овие услови претставуваат само трошоци кои се поврзани со веќе настаната бременост.

**ВИСИНА НА ОСИГУРИТЕЛНО ПОКРИТИЕ**
**Член 3**

(1) Висината на осигурителното покритие за трошоци за бременост и породување се одредува во полисата за осигурување.
(2) Висината на осигурителното покритие претставува максимална обврска на осигурувачот по штетен настан и во годишен агрегат.
(3) Како штетен настан во смисла на овие услови се смета една бременост и породување без оглед дали времетраењето на бременоста и породувањето се протегаат во скаденца на една иста полиса, или нивното времетраење се протега во скаденца на две полиси.
(4) Доколку времетраењето на една бременост и породување (еден штетен настан) се протега во скаденца на две полиси, како висина на максимална обврска на осигурувачот ќе биде земен во предвид износот одреден како осигурително покритие во полисата за осигурување во чија скаденца започнала, или била започната бременоста.
(5) Сите трошоци поврзани со бременоста и породувањето задолжително треба да се оправдаат со соодветна доказна документација и во согласност со Општите услови за специјалистичко-амбулантско лекување.

**ПОЧЕТОК И КРАЈ НА ОСИГУРИТЕЛНОТО ПОКРИТИЕ**
**Член 4**

(1) Обврската на осигурувачот од осигурувањето започнува по истек на 24-тиот час од денот кој во полисата е означен како почеток на осигурувањето – ако до тој ден е платена премијата, а инаку по истек на 24-тиот час од денот на уплатата на премијата., освен ако поинаку не е договорено.
(2) Обврската на осигурувачот престанува со истек на 24-тиот час од денот кој е означен како крај на траењето на осигурувањето.

**ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 5**

(1) На осигурувањата склучени по овие Посебни услови се применуваат и Општите услови за специјалистичко – амбулантско лекување, доколку не се во спротивност со овие Посебни услови.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**Член 6**

(1) Овие Услови за осигурување се донесени на 31-та седница на Одборот на директори на Сава осигурување а.д. Скопје одржана на 31.03.2023 ден година. Овие услови влегуваат во сила со денот на донесувањето и ќе се применуваат од 01.05.2023 година.

***САВА осигурување, а.д. Скопје***
***Одбор на директори***
***Претседател***
***Рок Мољк***